ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1348/6
27-08-2025

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива Државната комисија за спречување на корупцијата на 22-та седница одржана на ден 27.08.2025 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-1972/1 од 19.07.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1972/1 од 19.07.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Предметот со број 08-1972/1 од 19.07.2024 година е оформен по сопствена иницијатива. Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во Регистарот за избрани и именувани лица констатира дека лицето _______________во законски предвидениот рок по избор на функцијата _________________________________ поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата со задоцнување.

ДКСК на _____________ му издаде прекршочен платен налог со бр.08-1972/3 од 05.08.2024 година за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон.

Со оглед на тоа што постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барања за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК.

Прекршочната комисија по пименото известување до сторителот го извести за сторениот прекршок, по што сторителот во законски предвидениот рок од 3 дена се изјасни со допис со бр.14-1435/3 од 20.05.2025 година, дека по применоиот прекршочен платен налог бр.08-1972/3 од 05.02.2024 година, постапил по истиот и ја уплатил предвидената глоба.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Прекршочната комисија донесе Решение со бр.14-1435/6 од 23.06.2025 година, со што постапката по Барање за поведување прекршочна постапка СЕ ЗАПИРА.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик Претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Изготвил**: К.Б, помлад соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Согласен:** К.З, раководител на сектор